Врз основа на член 152 став 5 од Уставот на Социјалистичка Република Македонија, издавам

**У К А З**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ШУМСКИТЕ ПРЕДЕЛИ ОКОЛУ МАВРОВСКОТО ПОЛЕ ЗА НАЦИОНАЛЕН ПАРК**

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за прогласување на шумските предели околу Мавровското Поле за национален парк,

што го донесе Собранието на Социјалистичка Република Македонија на седницата на Републичкиот собор одржана на 12 април 1965 година и на седницата на Стопанскиот собор одржана на 12 април 1965 година.

У. бр. 109
13 април 1965 год.
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
**Видое Смилевски,** с.р.

Согласно член 32 од Уставниот закон за спроведување Уставот на Социјалистичка Република Македонија, Законот за прогласување на шумските предели околу Мавровското Поле за национален парк („Службен весник на НРМ“ бр. 10/49 и 23/52) се усогласува со Уставот на Социјалистичка Република Македонија и во него се вршат измени и дополнувања кои гласат:

**З А К О Н**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ШУМСКИТЕ ПРЕДЕЛИ ОКОЛУ МАВРОВСКОТО ПОЛЕ ЗА НАЦИОНАЛЕН ПАРК**

Член 1

Во Законот за прогласување на шумските предели околу Мавровското Поле за национален парк („Службен весник на НРМ“ бр. 10/49 и 23/52) називот на законот се менува и гласи:

„Закон за прогласување шумските предели околу Мавровското Езеро за национален парк“.

Член 2

Во член 1 став 1 зборот „поле“ се менува со зборот „Езеро“.

Член 3

Член 2 и член 4 се бришат.

Член 4

Член 3 се менува и гласи:

„Во управувањето со Националниот парк „Маврово“ ќе се применуваат мерки за зачувување на природниот изглед на пределите, растителниот и животинскиот свет, како и други мерки според прописите за заштита на природните реткости што ќе придонесат за остварување целите поради кои пределите од член 1 од овој закон се прогласуваат за национален парк“.

Член 5

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“.